Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Бул. "Кузман Јосифовски - Питу" бр 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 13 -10- 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 49 | 8784 | 2 | |

До:
Влада на Република Северна Македонија
Сектор за анализа на политиките и координација
Одделение за соработка со невладини организаци и
Бул.Илинден бр.2, 1000 Скопје

Генерална дирекција Скопје
Сектор за даноци и услуги на даночни обврзници

Број: 21-7281/3
Датум: 10 -10- 2025

Врска: Ваш број 49-8784/1 од 17.09.2025 година

Предмет:Известување

Почитувани,

Во врска со доставената иницијативата на здружение Конект Скопје „Предлог – измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД), поврзани акти, Законот за волонтерство и Законот за сметководство на непрофитни организации“ во рамки на Повикот за придонес во подготовка на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година, во прилог на овој допис доставуваме фотокопија од известувањето на Управата за јавни приходи до здружението Конект Скопје.

Изготвил: Елена Митриновска

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии-Ministria e Financave
Управа за јавни приходи-Drejtoria e të Ardhurave Publike
Генерална дирекција-Drejtoria e Përgjithshme
Скопје-Shkup

Раководител на сектор,
Мухедин Авдиќ



Твој данок, твоја иднина!

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

До:

Здружение Конект Скопје
ул.„Ристо Шишков бр.12,
1000 Скопје

Генерална дирекција Скопје
Сектор за даноци и услуги на даночни обврзници

Број: 21-7281/2
Датум: 10-10-2025

Врска: Ваш број 49-8784/1 од 17.09.2025 година
Предмет:Известување

Почитувани,

Во врска со доставената иницијативата на Вашето здружение Конект Скопје „Предлог – измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД), поврзани акти, Законот за волонтерство и Законот за сметководство на непрофитни организации" во рамки на Повикот за придонес во подготовка на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година, Ве известуваме дека Управата за јавни приходи до сега беше активно вклучена во процесите за законски воведувања, измени и дополнувања од предметната иницијатива во делокруг на својата надлежност.

Исто така, Управата за јавни приходи зема активно учество во работната група за подготовка на измените на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности со посебен фокус на унапредување на административната постапка и олеснување на пристапот до даночни поттикнувања.

Во таа насока, Управата за јавни приходи придонесе за креирање на нацрт текст на предлог измените и ги поддржува предлозите за:
-Поедноставување на процесот за поднесување барања за даночни ослободувања и креирање на регистер во рамки на надлежносто Министерство за правда од каде УЈП ќе ги црпи податоците за проверка на јавниот интерес на примателите на донациите;
-Олеснување на постапките за даночни олеснувања за правни лица кои можат да бидат даватели на донации и и спонзорства согласно ЗДСЈД преку постојните модели на даночно пријавување.
-Усогласување на процедурите за ослободување од ДДВ со постојните електронски системи, вклучително и преку ситемот за е-фактура.
Овие предлози се очекува да придонесат кон намалување на административниот товар за даночните обврзници и Управата за јавни приходи.

Дополнително, Управата за јавни приходи учествуваше и во процесот на креирање на предлог Законот за социјално претприемништво, со цел обезбедување соодветна даночна рамка за поддршка на овој сегмент од граѓанскиот сектор.
Како институција, остануваме отворени за понатамошна соработка и активно учество во сите процеси за унапредување на регулативата, со цел обезбедување ефективна примена на законските решенија.

Изготвил: Елена Митриновска

Раководител на сектор,
Мухедин Авдиќ


Твој данок, твоја иднина!